РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
J.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
на Република Македонија
Бр. 09-902/1
2.04 2018 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-622
29-03 2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР за јавна набавка на услуги

**Оглас 4/2018**

Склучен помеѓу следните ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ЈЗУУниверзитетска клиника за Неврологија Скопје**

Ул.Водњанска 17 Скопје
Телефон за контакт: 02 3111 904 застапувано од Д-р. Иван Барбов во понатамошниот текст (**Набавувач**) од една страна, и

2. **ЈЗУ Институт за Јавно здравје на Република Македонија - Скопје**

Адреса: Ул. 50 Дивизија бр. 6 МБ. 4066383
застапуван(о) од Асс. Д-р. Шабан Мемети
(во понатамошниот текст Носител на набавката - **Добавувач**) од друга страна.

**I. ДЕФИНИЦИИ**

Член 1

Одделни поими и изрази употребени во овој Договор имаат значење согласно Законот за јавни набавки Службен весник на РМ број 136/2007

**II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 2

Предмет на овој Договор јавна набавка на следните услуги согласно Барање за прибирање на понуди до 5000 евра,во хартиена форма со аукција согласно Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11), за што објави оглас број 4/2018

**Мерење радиоактивност на работни места, дозиметри и прегледи на лица кои работат со извори на јонизирачко зрачење**

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

**IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 4

**Дел - 1 - Персонален дозиметриски мониторинг: Износ 12 400.00 денари.**

**Дел – 4- Здравствени прегледи на лица кои работат со извори на јонизирачко зрачење: Износ 8 000.00 денари**

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ : 20 400.00** согласно прифатена Понуда .

Во вкупната цена на јавната набавка е засметана вредноста на сродните услуги и данокот на додадена вредност.

**V. ПРАВА И ОБВРСКИ**

Член 5

Во текот на периодот Набавувачот е должен да го извести Добавувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оцена на ризикот. Набавувачот е должен без одлагање да го извести Добавувачот за зголемување на ризикот од навремено плаќање на фактурите.

Член 6

Во случај на статусни промени (поделба, спојување и припојување на договорните странки), обврските од овој договор се пренесуваат на новиот субјект се до истекот на времето за кој е склучен.

**VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 7

Договорот се склучува на определено време за период од 1 година со важност од денот на потпишување на договорот.

**VII.ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 8

- Се регулира со член 11, член 12 и член 13од Договорот.

**VIII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ**

Член 9

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го изврши на следниов начин: персоналниот дозиметриски мониторинг и преглед на вработени кои работат со извори на јонизирачко зрачење да го врши во својата институција.

**IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 10

Начин на плаќање е месечно, по извршена услуга ,а рокот на плаќање да биде **60** дена од денот на доставување на фактурата на договорниот орган.
Фактурирањето ќе се врши според извршени услуги,на конкретен број на персоналот,за тој месец а за прегледите според бројот на извршени прегледи.